**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48-а став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 ) и точка 21 став 3 од Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/24), Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за порамнување трансакции со издадени благајнички записи

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува порамнувањето трансакции со издадени благајнички записи (во натамошниот текст: порамнувањето).

## II. ПРИНЦИПИ, УЧЕСНИЦИ И ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ

2. Порамнувањето се врши по принципот „испорака наспроти плаќање".

По исклучок од ставот 1 на оваа точка, при купување благајнички записи на привремена основа од страна на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), заради обезбедување девизна ликвидност во евра на банките врз основа на кредитната (репо) линија во евра одобрена на Народната банка од Европската централна банка, како и при управување со изложеноста кај репо-трансакции, порамнувањето се врши по принципот „испорака без плаќање".

3. Учесници во порамнувањето се Народната банка и банките, филијалите на странски банки и штедилниците коишто имаат право на учество на аукциите на благајнички записи.

Учесниците доставуваат инструкции за порамнување дефинитивни трансакции и репо-трансакции со благајнички записи во улога на купувач, односно продавач кога порамнуваат трансакција во свое име и за своја сметка или во улога на банка на купувач, односно банка на продавач кога порамнуваат трансакции во свое име, а за туѓа сметка.

Кај репо-трансакциите, купувачот од Генералниот репо-договор или банката на купувачот ги доставува инструкциите за порамнувањето, на датумот на купување како купувач на благајнички записи, а на датумот на реоткуп како продавач на благајнички записи. Продавачот од Генералниот репо-договор или банката на продавачот ги доставува инструкциите за порамнувањето, на датумот на купување како продавач на благајнички записи, а на датумот на реоткуп како купувач на благајнички записи.

4. Системи преку кои се извршува порамнувањето се:

- Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) којшто како платен систем го овозможува преносот на паричните средства помеѓу учесниците во тој систем и обезбедува непречен тек на пораките за пренос на сопственоста на благајничките записи;
- Системот на вкрстување – обезбедува вкрстување на примените пораки преку МИПС за пренос на сопственоста на благајничките записи;
- Регистарот на благајнички записи кај Народната банка – обезбедува пренос на сопственоста на благајничките записи.

5. Порамнувањето се врши не подоцна од 2 (два) работни дена од денот на склучувањето на трансакцијата.

На денот на достасувањето на благајничките записи не се врши порамнување на трансакциите.

6. Учесниците ги доставуваат инструкциите за порамнување:

- во вид на стандардни електронски потпишани пораки за пренос на сопственоста, односно за пренос на паричните средства, во согласност со Стандардот за намената и форматот на пораките во Системот на вкрстување и Стандардот за намената и форматот на пораките во МИПС, којшто е составен дел на Упатството за спроведување на Правилата за работа на Македонскиот интербанкарски платен систем;
- од моментот кога МИПС им стои на располагање на учесниците за доставување пораки за пренос на паричните средства до моментот кога МИПС престанува со примање на налозите за пренос поврзани со одобрување кредит преку ноќ во денари, во согласност со терминскиот план на МИПС.

При купувањето благајнички записи, купувачот или банката на купувачот испраќа порака за пренос на паричните средства од сметката за порамнување на купувачот или од сметката за порамнување на банката на купувачот на сметката за порамнување на продавачот или на сметката за порамнување на банката на продавачот. Пораката за пренос на паричните средства содржи поле за код за ДВП во кое се наведуваат инструкциите за пренос на сопственоста на благајнички записи. При примената на принципот „испорака без плаќање", купувачот или банката на купувачот наместо порака за пренос на паричните средства, доставува порака за пренос на сопственоста на благајнички записи.

При продавање благајнички записи, продавачот односно банката на продавачот испраќа порака за пренос на сопственоста на благајнички записи до системот на вкрстување.

Учесниците можат да ги повлечат пораките за пренос на паричните средства и пораките за пренос на сопственоста на благајнички записи пред да настане нивното вкрстување.

7. При примената на принципот „испорака наспроти плаќање", системот на вкрстување врши контрола и споредба на елементите на пораката за пренос на паричните средства (поле за код за ДВП) и пораката за пренос на сопственоста на благајнички записи и известува за настанатите грешки.

При примената на принципот „испорака без плаќање", системот на вкрстување врши контрола и споредба на елементите на пораките за пренос на сопственоста на благајнички записи и известува за настанатите грешки.

Контролата и споредувањето на елементите на пораките се врши во согласност со Стандардот за намената и форматот на пораките во Системот на вкрстување.

8. Доколку не дојде до вкрстување на пораките од точка 6 ставови 2 и 3 од ова упатство, до истекот на периодот утврден во точка 6 став 1 алинеја 2 од ова упатство, пораките за пренос на сопственоста на благајнички записи се сметаат за неважечки, а паричните средства им се враќаат на купувачот или на банката на купувачот по автоматизам од страна на системот на вкрстување.

Во случај на настанати грешки од точка 7 од ова упатство и неважечки пораки од став 1 на оваа точка, се смета дека порамнувањето не е извршено и нема последици за Народната банка.

9. Доколку дојде до вкрстување на пораката за пренос на паричните средства и пораката за пренос на сопственоста на благајнички записи, Народната банка ја проверува состојбата на благајничките записи на продавачот во регистарот. Доколку продавачот располага со доволен износ на благајнички записи, Народната банка врши истовремен пренос на паричните средства и сопственоста на благајнички записи.

Доколку продавачот не располага со доволен износ на благајнички записи, порамнувањето не е извршено и нема последици за Народната банка.

10. Купувачот или банката на купувачот и продавачот или банката на продавачот на благајнички записи се известуваат за резултатот од порамнувањето преку системот на вкрстување.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 02-5650/4**
**19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Извршниот одбор на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**